Организацискиот одбор на **56. Детски Рацинови средби** распишува натпревар во ораторство за сите ученици од I до IV година од средните училишта во државата на тема:

## „Да му го земеш јазикот на народот -

## тоа значи да му ја земеш душата“ Рацин

Секој ментор има право да пријави еден ученик. Од секое училиште можат да учествуваат вкупно тројца ученици. Говорот да не биде подолг од 5 минути.

Пријавувањето да се изврши по електронски пат на следната е-адреса: detskiracinovi56@gmail.com со назнака „За ораторство“, најдоцна до 27.10.2023 год. Со следните податоци: име и презиме на ученикот, училиште, место, е-адреса и телефон за контакт. Во прилог да биде доставен и говорот на ученикот.

Одбраните ораторите од стручната жири-комисија ќе бидат известени за времето на одржување на Манифестацијата и натпреварот.

При настапот стручната жири-комисија ќе вреднува оригиналност, израз, правоговор, соодветни гестови, почитување на определената временска рамка, интерактивност на публиката и задржување на нејзиното внимание.

**Рацинови следбеници, Ве очекуваме!**

**Со почит,**

**Организациски одбор на 56. Детски Рацинови средби**